Попаметно, побрзо, подобро

# АГИЛис

## ПОТКАСТ

за следната генерација агилни лидери и општини




@feuturelas.eu

fEUture БИЛТЕН

# ОЧЕКУВАЈТЕ

НАШИОТ ПОТКАСТ ИЗЛЕГУВА НАСКОРО

За сите јавни служеници кои работат во мали општини ширум Европа, со задоволство го најавување нашиот поткаст „АГИЛис“.
Забележете сѝ во календарот: 22 јуни 2024 година, промоција на 48 епизоди. Јес!
Доколку сакате да научите нешто повеќе за паметно и агилно работење, наместете сѝ го алармот; додадете нѐ во вашите “букмаркс“ и не заборавајте да стиснете “плеј“.


Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Публикацијата е развиена со финансиска поддршка на Европската Унија. Мислењата и погледите изразени тука се на авторите и ненужно ги одразуваат тие на Европската Унија, ниту пак Европската Унија може да се смета за одговорна за информациите содржани тука.

# ШТО НУДИМЕ

## НИЕ ЗБОРУВАМЕ, ВИЕ СЛУШАТЕ: АГИЛНО И ПАМЕТНО РАБОТЕЊЕ

Агилно работење наспроти традиционално работење на општините. 48 епизоди посветени на јакнење на капацитетите на вработените во општините во сферата на агилност, одржливост, дигитална трансформација и клучни меки вештини, неопходни за успешна транзиција кон паметни и агилни.
Во секоја од 48. епизоди ги истражуваме најдобрите практики, нудиме совети и насоки за полесна и поуспешна транзиција на општините. Доколку сте заинтересирани да ги зајакнете вашите зелени и меки вештини, дигиталните компетенции и знаења, нашиот поткаст ќе ви понуди насоки за тоа, како на едностанен начин да создадете паметна и агилна работна средина во вашата општина.



# КОИ СМЕ

## ПОДДРЖУВАЧИ НА ПАМЕТНО, АГИЛНО И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Ние сме **fEUture,** конзорциум од организации и институции од Италија, Грција и С. Македонија, искусни во доживотно учење, градење капацитети на локални институции, одржливост и дигитална транзиција. Доаѓаме од држави со различно ниво на разбирање и прифаќање на моделите на агилно и паметно работење, како и различна достапност на курсеви и обуки за зелени вештини и агилност. **АГИЛис** е создаден со токму таа намера, да понуди инспиративни и кратки лекции за меки, дигитални, зелени и агилни вештини и компетенции за вработените во општините. Поткастот е дел од нашата паметна и агилна акција за промовирање на доживотно учење и агилност помеѓу малите општини во Европа и, особено во трите држави.

Наш следен чекор, по работилницата во Скопје (2023) е Рим, кадешто на 22 јуни ќе го промовираме поткастот и ќе се сретнеме со претставници на италијански општини и други локални и регионални институции. **АГИЛис и fEUture се финансирани од Европската Унија преку Еразмус+ програмата.**

